# Living the Lotus 2

2024

*Buddhism in Everyday Life*

VOL. 221



Rissho Kosei-kai of Bangkok

Living the Lotus
Vol. 221 ( Февруари 2024 )

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



President’s Message

# Да се живее со понизност е да се живее добро

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Основата на човештвото

Во Јапонија, времето на годината кога зимата преоѓа во пролет е наречена Сетсубун* и е означена со древен обичај на фрлање печена соја позната како фукумаме, дсреќни гравчиња,е внатре во куќата додека се рецитира дДемони надвор! Добра судбина внатре!е Ние имаме тенденција да се чувствуваме лошо како што сезоните се менуваат, затоа оваа молитва за добро здравје ги оддалечува демоните на болест. Ние го изведуваме овој ритуал да се ослободиме себеси од демоните на вознемирување Ђ алчноста, лутината и незнаењето кои ги заблудуваат нашите умови Ђ исто како и демоните на болест и да му посакаме добродојде на секој светол нов пролетен ден со светол ум и тело.

Случајно, двата Јапонски карактери за думе (кокоро (心)) и ддемоне (они (鬼)) формираат еден соединет карактер (ки (愧)) со целосно различно значење на дпонизност,е кој е вид на ум кој ние не треба никогаш да го напуштиме, никогаш да не го изгубиме. Ова е каењето кое вие го чувствувате кога вие осознавате дека вашите зборови и дела бил погрешни или недоволни.

Термините дкаење и понизносте (занги (慚愧)) исто значи да се чувствува дека ние жал за нешто, но Шинран (1173-1263), основачот на Јодо Шин, дВистинска Чиста Земја,е сектата, го интерпретирал тоа во дури подлабок смисол и во контекст на вербата. дКаењее (зан) е да се чувствува жалење за вашите сопствени злодела, додека дпонизносте (ги) е признавање на вашите злодела пред другите луѓе и чувствување жалење за нив. Понатаму, дкаењее значи чувствување на жалење пред други луѓе, и дпонизносте значи чувствување на жалење пред божествата. Шинран, цитирајќи ја Нирвана Сутра, рекол, дТие кои немаат каење и понизност неможат да бидат наречени луѓе.е

Личноста на која и недостига умот на понизност не е различна од животно кое живее само со инстинкт и неможе да биде наречена човечко битие. Јас мислам дека е само преку имање на умот на понизност да луѓето можат да ги живеат нивните животи со почит и во умереност, и ова е како човечките односи и општества напредуваат. Со други зборови, ние можеме да кажеме дека имањето на понизност е основната состојба на човештвото.

## Бивајќи ослободен од понизноста

Во тој случај, зошто е важно за нас да имаме понизност во врска со нешто? Шинран рекол дека ние треба да имаме понизност за нашите злодела, но какви видови на нешта вие сите сметате дека се злодела?

Понекогаш, кога јас ги слушам луѓето како ги критикуваат другите велејќи дВие треба да бидете засрамени од себеси,е Јас мислам дека тие зборови треба да се усмерат назад кон нив. Ако ние тихо си велиме себеси, дТи треба да биде ш засрамен од себеси,е ние можеме да најдеме дека повторно ја стекнуваме на шата понизност и размислуваме за себеси, земајќи во обзир дали ние сме тие кои се арогантни баш сега или им дозволуваме на нашите желби да здивеат. Или ние можеме да бидеме одвратени од правење на нешто срамно преку прашување на себеси, дДали ова ме прави неспособен да ја погледнам мојата фамилија во лице?е

Знаејќи ја понизноста може да нè ослободи од злоделата кои ние можеме ненамерно да ги извршиме во правецот на нашите секојдневни животи. Таа нè сопира од создавање страдања за нас и од повредување на другите.

дЧовечките битија кои го негуваат умот на понизност ќе бидат ослободени.е Тие се зборовите на философот Масахиро Јасуока (1898-1983), и по мое мислење, кога луѓето ја знаат понизноста, тие се преобразуваат во вистински големи човечки битија. Понатаму, затоа што сите ние имаме ум на понизност, исто како што ние сите имаме буда природа, се додека ние ја знаеме понизноста, ние ќе продолжиме да еволуираме како човечки битија.

Понизноста е нешто кое секогаш треба да се има на ум. Хонен (1133-1212), основачот на Јодо, дЧиста Земја,е сектата, нè подучува на оваа насока: дБидете во друштво со пријатели во Дармата и вие секогаш ќе го чувате умот на понизност.е Шакјамуни рекол дека пријатели во Дармата се све во Буда Патот, и сангата членовите кои се блиски до нас, вклучувајќи ги нашите членови на фамилијата, се луѓе кои секогаш нè надгледуваат. Заради тоа, нашето срамно однесување сигурно ќе биде прекорено, и ние неможеме да живееме животи кои би биле срам за нашата сакана фамилија и пријатели. Благодарение на нашите добри пријатели, сангата, ние сме природно потсетени на нашата сопствена понизност. И затоа што сангата е како едно со Будата, нашите Будистички срца стануваат култивирани, и ние можеме да го одржиме умот на понизност.

Од друга страна, во сегашноста, општеството и светот се чини дека се во несигурна состојба, полна со алчност и омраза, како да луѓето имаат заборавено на понизноста која ги прави нив човечни. Потеклото на карактерот за дпонизносте е дстравопочите, и јас силно верувам дека е важно за луѓето да бидат во стравопочит од, и да покажат почит кон, боговите и будите, и да ги живеат нивните животи знаејќи ја понизноста.

*3 Февруари е последниот ден на зимата, согласно на лунарниот календар.



(Од *Косеи*, Февруари 2023)

# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Животот на Шакјамуни Буда и учењата на Будизмот

### Завет на деца за Ришо Косеи-каи

Групата на Деца го зема дЗавет на деца за Ришо Косеи-каи,е кој го изразува начинот на размислување на момчињата и девојчињата членови на групата:

Ние, момчиња и девојчиња, го почитуваме Будата и боговите, се заветуваме да бидеме нежни кон другите, љубезни секогаш, и со почитување кон на шите родители.

Во прилог, постои и дМилост пред оброци,е рецитирана пред оброци од сите членови:

За тоа што сега ќе го јадеме и пиеме, ние сме благодарни кон Будата, природата, и кон многу луѓе.

Ние го рецитираме тоа со благодарност за оброкот.







* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Да се изгради хармонија во нашите фамилии





Постојат многу фамилијарно-поврзани проблеми овие денови. Сега е времето кога ние мораме да ја преиспитаме улогата на фамилијата повторно. Во Ришо Косеи-каи, членовите работат да ја спроведат праксата на сеика, дставајќи ги фамилијарните релации во ред,е што значи креирање на срдечни домови и градење на хармонија во нашите фамилии.

Претседателот Нивано ни кажува дека градењето хармонија во нашите фамилии е основата за негување луѓе, и тоа води кон остварување на светскиот мир. Тој исто нè подучува на важноста на градење фамилии кои се усмерени на нашите домашни олтари.

Трите Практикувања кои беа спомнати во претходното издание под наслов дУчењата на Претседателоте се специфични делувања за нас да изградиме хармонија во нашите фамилии.

**Дали знаевте?**

Сеика се појавува во пасус на Големото Учење, една од Четирите Книги на Конфучијанизам, кој гласи: д(Личноста) треба да го направи ум(от) исправен, да се култивира (себеси), тогаш да ја регулира фамилијата, тогаш да ја владее државата, и конечно да го води светот во мир.е

# Вие се разбудувате себеси преку подучување на Дармата кон другите

## Подучувајте ја Дармата за среќа на луѓето

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Ова може да звучи како корисна за себе интерпретација од тие кои се посветени на Лотос Сутрата, но тоа на никаков начин не е случај.

Во 1975, во говорот на честитање на годишнината од основањето на Ри шо Косеи-каи, Професорот Шосон Мијамото, кој бил еден од најистакнатите фигури на Јапанските Будистички проучувања во тоа време, објаснил дека дПричината дека Лотос Сутрата е дКрал на сите сутрие е заради тоа што таа ја цитира Шакјамуни Будината дДекларација за пренесување на Патоте повеќе од десет пати. Другите сутри дури не допираат до тоа.е

Терминот дДекларација за пренесување на Патоте се однесува на прогласувањето направено од Шакјамуни Буда кога, после испорачувањето на првата проповед на петте аскети во Паркот на Елените, бројот на неговите верници достигна шеесет. Во тоа време, тој ја изразил неговата посветеност да ги пренесува неговите учења и да го пропагира патот, објавувајќи го следното:

дМонаси! Јас сум ослободен од сите врски, и вие исто така сте ослободени од сите врски. Монаси! Вие треба да патувате околу сите земји, пропагирајќи ја Дармата во корист и среќа за сите луѓе. Никој од вас не треба да го патува истиот пат заедно.е

Следејќи ги неговите зборови, верниците се разделија и тргнаа на патувања да ги пропагираат учењата и да го пренесуваат Патот. Што се однесува до Шакјамуни, тој исто така тргна сам кон Градот на Кралски Палати во Магада.

Помеѓу овие редови, Лотос Сутрата повторувачки дава инструкции, дПодучувајте ја оваа Дарма во корист на луѓето,е и дПодучувајте ја оваа сутра и пропагирајте ја во корист на добата кои доаѓаат.е Ова е заради тоа што преку таквата бодисатва пракса ослободувањето на светот и чове штвото е реализирано.

Ришо Косеи-каи ја наследил дДекларацијата за пренесување на Учењетое и продолжил да ја исполнува точно како што била прогласена од



Шакјамуни Буда. Во многу религиозни организации, професионални свештени лица ја објаснуват Дармата и ги пропагираат учењата, но во Ришо Косеи-каи, мотото е дСекој кој се придружува на нашата организација е прогласувач на учењата,е и ние практикуваме дСекоја личност води другае. Ова е начинот на кој ние верно ја ставаме во пракса инструкцијата на Шакјамуни Буда дека секој од неговите верници треба да патува на различен пат.

Во раните денови на Косеи-каи, основниот фокус беше на ослободување на луѓето од сиромаштија, болест и конфликт. Сепак, во сегашноста, како што јас штотуку спомнав, секојдневно ние го спроведуваме големиот потфат на спасување на човештвото. Јас се надевам дека вие никогаш не го заборавате ова, нити за момент.

дСекоја личност води другае значи дека секој член ги споделува учењата и ги подава рацете на ослободување на тие кои ги сретнуваат во нивните секојдневни животи.

Махајана Будизмот е компилација на бројни учења разјаснети од Шакјамуни Буда низ неговиот живот, организирани во систематска рамка од учени монаси во покасните доба. Оригинално, сепак, тоа беа учењата за ослободување во реалниот живот, каде Шакјамуни Буда подучувал, водел и ослободувал секоја индивидуа која тој ја сретнал од нивните страдања на база на случај до случај.

Затоа ние исто така ние не смееме да ги занемариме средбите и комуникациите кои ги имаме со луѓето секој ден. Не би било претерување да кажеме дека секоја личност која се појавува пред нашите очи е потенцијален примач на ослободување.






## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**twitter**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp